# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2025 ГОДИНА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ 2022-2027 И НАЦИОНАЛЕН АКЦИСКИ ПЛАН ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ 2025-2027

МАРТ 2026

**СОДРЖИНА**


- ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

1. РЕЗИМЕ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ПО ОПШТИТЕ ЦЕЛИ СОГЛАСНО НАЦИОНАЛЕН АКЦИСКИ ПЛАН ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ 2025-2027

2. ПРЕГЛЕД НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ И АКТИВНОСТИ СОГЛАСНО НАПРЕ 2025-2027

3. ПРЕДИЗВИЦИ И РИЗИЦИ ВО ТЕКОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА АКЦИСТКИОТ ПЛАН НА СТРАТЕГИЈАТА СО ПРЕПОРАКИ

4. ПРЕГЛЕД НА СПРОВЕДЕНИТЕ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ

- **ЛИСТА НА КРАТЕНКИ:**

| | |
|---|---|
| АВМУ | Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги |
| АВРСМ | Агенција за вработување на Република Северна Македонија |
| АКН | Агенција за катастар на недвижности |
| АППРСМ | Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија |
| АСЈО | Академија за судии и јавни обвинители |
| АФПЗРР | Агенција за финансиска поддршка во земјоделието и рурален развој |
| БПП | Бесплатна правна помош |
| БРО | Биро за развој на образованието |
| ГО | Граѓански организации |
| ДЗС | Државен завод за статистика |
| ДОО | Друштво со ограничена одговорност |
| ДЦАФ | Женевски центар за управување со безбедносниот сектор |
| ЕЛМС | Електронски систем за управување со учењето |
| ЕЛС | Единици на локална самоуправа |
| ЕУ | Европска унија |
| ЗЕЛС | Заедница на единиците на локална самоуправа |
| ЗСД | Завод за социјални дејности |
| ЛМС | Систем за управувањер со учењето |
| МВР | Министерство за внатрешни работи |
| МЕРМС | Министерство за енергетика рударство и минерални суровини |
| МЕТ | Министерство за економија и труд |
| МЖСПП | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| МЗ | Министерство за здравство |
| МЗШВ | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |
| МЈА | Министерство за јавна администрација |
| МКТ | Министерство за култура и туризам |
| МЛС | Министерство за локална самоуправа |
| МНРНТ | Министерство за надворешни работи и надворешна трговија |
| МО | Министерство за одбрана |
| МОН | Министерство за образование и наука |
| МП | Министерство за правда |
| МС | Министерство за спорт |
| МСПДМ | Министерство за социјална политика демографија и млади |
| МФ | Министерство за финансии |
| НАП | Национален акциски план |
| НАПРЕ | Национален акциски план за родова еднаквост |
| НАТО | Организација на северноатлантски договор |
| НКТ | Национално координативно тело |
| НСФ | Национални спортски федерации |
| ОДУ | Органи на државната управа |
| ООН | Организација на обединетите нации |
| ППР | Платено политичко рекламирање |
| РА | Радиостаница |
| РБН | Родово базирано насилство |
| РОБ | Родово одговорно буџетирање |
| РСМ | Република Северна Македонија |
| СН | Семејно насилство |
| ССО | Сеопфатно сексуално образование |

| | |
|---|---|
| ТВ | Телевизија |
| УНДП | Програма за развој на Обединетите нации |
| УНИЦЕФ | Фонд на Обединетите нации за деца |
| УНФПА | Фондот за население на Обединетите нации |
| ЦРСО | Центар за развој на стручно образование |
| ЦСР | Центар за социјални работи |
| ЦУК | Центар за управување со кризи |

## 1. РЕЗИМЕ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ПО ОПШТИТЕ ЦЕЛИ СОГЛАСНО НАЦИОНАЛЕН АКЦИСКИ ПЛАН ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ 2025-2027

Годишниот извештај дава преглед на постигнатите резултати и спроведените активности во текот на 2025 година предвидени со Националниот Акциски План за родова еднаквост 2025-2027 година (НАПРЕ) за спроведување на Стратегија за родова еднаквост 2022-2027 година (Стратегијата).

Спроведувањето на Стратегијата значи и исполнување на обврските преземени со пристапувањето кон Конвенцијата на ООН за елиминација на сите форми на дискриминација на жената како и придонес кон исполнувањето на политичките критериуми за членство во Европската Унија.
Истиот е изработен од страна на Секторот за еднакви можности во Министерството за социјална политика демографија и млади (МСПДМ) согласно член 12 став 1 алинеја 6 од Законот за еднакви можности на жените и мажите.

Националниот план за родова еднаквост (НАПРЕ) 2025-2027 е документ со кој се дефинира начинот на спроведување на Националната стратегија за родова еднаквост 2022-2027, донесена од страна на Собранието на РСМ на ден 27.07.2022 година, преку дефинирање на активностите, индикаторите за активностите, носителите на обврска за спроведување на истите, временската рамка и издвоените финансиски средства за спроведување на активностите утврдени со Стратегијата, а кои сите заедно имаат цел за унапредување на родовата еднаквост и унапредување на статусот на жените.
Националниот Акциски План 2025-2027, беше подготвен од работна група, составена од претставници на министерства, други органи на државна управа и претставници на граѓанскиот сектор чии области на делување се опфатени со Стратегијата, односно кои се посветени и работат на зајакнување на видливоста и вклученоста на родовата еднаквост во сите сегменти на секојдневното живеење.
Националниот Акциски План 2025-2027 ги опфаќа активностите, индикаторите, носителите на активностите, временската рамка и потребниот буџет за спроведување на активностите со кои се постигнуваат специфичните и општите цели поставени со Стратегијата.

Годишниот извештај од методолошки аспект е изработен во согласност со Методологијата за начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските стратегии донесена од Владата на РСМ (Образец бр. 7) и врз основа на добиени информации од органите на државната управа за изработка на: Извештаи на органите на државна управа кои се носители на активностите во НАПРЕ доставени до МСПДМ. Важно е да се напомене дека и оваа година, во доставените извештаи дел од носителите на активности не доставија податок за финансиски средства.

Покрај тоа што во Стратегијата е предвидено да се подготват Годишни оперативни планови за операционализација на Националниот Акциски План 2025-2027, дел од Министерствата и другите органи ги имаат подготвено и објавено на веб страниците, но сеуште не е воспоставена пракса од сите надлежни органи за нејзино спроведување.

Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027 опфаќа три општи цели: 1) воспоставување на ефективен и ефикасен систем за унапредување на родовата еднаквост на централно и локално ниво, 2) подобрување на положбата на жените во сите области на јавниот и приватниот живот и 3) сузбивање на родовите стереотипи и градење на култура на ненасилство и недискриминација врз основа на пол, род и родов идентитет. Стратегијата предвидува специфични цели и индикатори за остварување на општите цели.

**ШЕМАТСКИ ПРИКАЗ**



Националниот план за родова еднаквост 2025-2027 е документ со кој се дефинира начинот на спроведување на Националната стратегија за родова еднаквост 2022-2027, донесена од страна на Собранието на РСМ на ден 13.01.2026 година, преку дефинирање на активностите, индикаторите за активностите, носителите на обврска за спроведување на истите, временската рамка и издвоените финансиски средства за спроведување на активностите утврдени со Стратегијата, а кои сите заедно имаат цел за унапредување на родовата еднаквост и унапредување на статусот на жените.

Во НАПРЕ во референтниот период требало да бидат спроведени 81 активности од кои 57 се реализирани односно 70.00%, 7 се во тек односно 9.00%, и 17 активности не се реализирани односно 21,00%.

**Степен на реализација на активности на НАПРЕ 2025-2027 во период јануари - декември 2025**




# СТЕПЕН НА РЕАЛИЗАЦИЈА ПО ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ

**Во Општата цел 1:** Воспоставување на ефективен и ефикасен систем за унапредување на родовата еднаквост на централно и локално ниво, од вкупно 8 предвидени активности, спроведени се 3 и 5 не се спроведени.




| | резултат 1.1.1 | резултат 1.1.2 | резултат 1.2.2 |
|---|---|---|---|
| спроведени активности | 0 | 2 | 1 |
| во тек | 0 | 0 | 0 |
| неспроведени активности | 4 | 1 | 0 |

**Во Општата цел 2:** Подобрување на положбата на жените во сите области на јавниот и приватниот живот, 41 активности се спроведени, 7 се во тек и 11 не се спроведени.




| | резултат 2.1.1 | резултат 2.1.2 | резултат 2.1.3 | резултат 2.1.4 | резултат 2.1.5 | резултат 2.2.1 | резултат 2.2.2 | резултат 2.2.3 | резултат 2.3.1 | резултат 2.3.2 | резултат 2.3.3 | резултат 2.3.4 | резултат 2.3.5 | резултат 2.4.3 | резултат 2.4.4 | резултат 2.5.1 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| спроведени | 5 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 1 | 2 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 1 | 3 | 4 |
| во тек | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 4 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| неспроведено | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 | 0 | 0 | 1 |

| | резултат 2.6.1 | резултат 2.6.2 | резултат 2.6.3 | резултат 2.6.4 | резултат 2.6.5 | резултат 2.7.1 | резултат 2.7.2 | резултат 2.7.3 | резултат 2.7.4 | резултат 2.9.1 | резултат 2.10.1 | резултат 2.10.2 | резултат 2.10.3 | резултат 2.11.1 | резултат 2.11.2 | резултат 2.11.3 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| спроведени | 1 | 1 | 1 | 2 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 1 | 1 | 2 |
| во тек | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| неспроведено | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

**Во Општата цел 3:** Сузбивање на родовите стереотипи и градење на култура на ненасилство и недискриминација врз основа на пол, род и родов идентитет, од вкупно 14 предвидени активности, 13 се спроведени  и 1 неспроведено.




| | 3,1,1 | 3,1,2 | 3,1,3 | 3,1,4 | 3,1,5 | 3,2,1 | 3,2,2 | 3,2,3 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| спроведени | 1 | 1 | 5 | 1 | 1 | 2 | 1 | 1 |
| во тек | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| неспроведено | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 |

Спроведувањето на овие стратешки документи придонесуваат за унапредување на родовата еднаквост и унапредување на статусот на жените во земјата во предвидениот период на имплементација во различни области.

## 2. ПРЕГЛЕД НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ И АКТИВНОСТИ СОГЛАСНО НАПРЕ 2025-2027

Во периодот опфатен со овој извештај постигнати се одредени резултати во остварувањето на родовата еднаквост, согласно Стратегијата и НАПРЕ во овој дел од извештајот дадени се состојбите во одредени области како и преглед на преземени активностите од страна на носителите.

Во текот на 2025 година се одржаа Локалните избори на кои избрани се 4 жени (4,93%) градоначалнички од вкупниот број градоначалници (81) во државата. На овие избори на кандидатските листи за градоначалник само 32 кандидатки (10.35%) се жени од вкупниот број кандидати; 21 жена (25.9%) се претседатели на општински совети и членови на општински совети се 453 жени (34,7%) и 853 мажи ( 65.3%).

*Краток преглед на активностите спроведени во 2025 година*

**Министерството за социјална политика демографија и млади** во соработка со **Министерството за финансии** подготви Правилник за формата и содржината на Родово одговорна буџетска изјава (Сл.Весник на РСМ бр. 22/25), со што се овозможува родово одговорно буџетирање, со мерливи индикатори во рамки на програми и потпрограми.

Министерството за социјална политика демографија и млади обезбедува континуирани обуки за унапредување на капацитетите на државните службеници во областа на родовата еднаквост и родово одговорното буџетирање во Ресурсниот центар за родово одговорно креирање на политики и буџетирање.[1]

Донесен е Годишен план и програма за работа на Ресурсен центар за креирање на родово одговорни политики и буџетирање за 2025 година[2] согласно кои, реализираните се обуки за родова еднаквост и родово одговорно буџетирање со 288 административни службеници, од кои 261 се жени и 27 мажи. Реализрани се следниве обуки:

- Обука за родова анализа на која учествуваа 19 административни службеници, од кои 16 беа жени и 3 мажи.;
- Обука за обука за обучувачи за РОБ на која учествуваа 11 административни службеници од кои 11 се жени;
- Обука за Проценка на влијанието на регулативата (родовите аспекти во проценката на влијанието на политиките и регулативата) наменета за вработените од Министерство за социјална политика, демографија и млади на кои учествуваа 16 лица, од кои 12 се жени и 4 мажи;
- Две обуки за Основи и рамки на родова та перспектива во стратешкото планирање на кои учествуваа 46 лица од кои 41 жена и 5 мажи;
- Две обуки за мониторинг и евалуација на родово одговорни политики на кои учествуваа 42 лица од кои 38 се жени и 4 мажи;
- Обука за родова еднаквост и вклучување на родовата перспектива во секторските политики на кои учествуваа 16 лица од кои 2 мажи и 14 жени;
- Обука за родово одговорно буџетирање на кои учествуваа 22 лица од кои 3 мажи и 19 жени.

---

[1] Воспоставен во рамки на проектот „Промовирање на родово одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во Република Северна Македонија", имплементиран од UN Women, со финансиска поддршка од Швајцарија и Шведска

[2] https://mtspresursencentar.mk/resource-center

**Министерството за социјална политика, демографија и млади (МСПДМ)** во соработка со Мисијата на ОБСЕ во септември 2024 година ја започна Менторската програма "Жени за жени'' за поттикнување на професионалниот развој и лидерство на жените во јавниот сектор, наменета за жени во редовен работен однос во министерството. Програмата се реализираше во Ресурсниот центар за на родово одговорно креирање политики и буџетирање каде се одржаа по две обуки за менторките и две обуки за менторините, а истата се реализираше во два циклуса.

Подготвен е Акциски план за  спроведување на  препораките од Конечниот извештај за извршената ревизија на успешност на тема „Родова еднаквост на жените од руралните средини преку нивната инклузија на пазарот на трудот“ 2025-2026 година.

Исто така, подготвен е  Акциски план за спроведување на  препораките од конечниот извештај за извршената ревизија на успешност на тема,, имплементација на конвенцијата на советот на европа за спречување и борба против насилство (Истанбулска конвенција)со осврт кон специјализирани услуги жени жртви на родово -базирано насилство и семејно насилство**“**

За имплементација на Конвенцијата за Совет на Европа за спречување и борба против насилство врз жените и семејно Насилство, во септември Владата на Република Северна Македонија формира Националното координативно тело за следење на имплементација на Истамбулската конвенција.

МСПДМ подготви одговор на прашалникот на GREVIO за Првата тематска евалуациска рунда за спроведувањето на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба  рротив насилството врз жените и семејното насилство (Истанбулска конвенција) Тема: „Градење доверба преку обезбедување поддршка, заштита и правда„ и истиот го достави до ГРЕВИО во јануари 2026 година.
Склучен е Меморандум за соработка помеѓу МСПДМ, МВР, Националната мрежа против насилство врз жените и семејното насилство и Хелсиншкиот комитет за човекови права во рамки на проектот „Опсерваторија за фемициди: Превенција и мониторинг на фемициди и обиди за фемицид во Северна Македонија “. Главна цел е зајакнување на капацитетите за системско следење, анализа и превенција на фемициди и обиди за фемицид преку создавање функционална платформа/опсерваторија и формирање мултисекторско тело за следење и координација.

МСПДМ во соработка со Британската Амбасада и Канцеларијата на  УНФПА за време на 16  дена активизам против насилство врз жените и семејното насилство се спроведува кампањата  Има помош за живот без насилство  - Не биди нем сведок.  Изготвени и дистрибуирани  креативи, флаери, постери,  видео спотови.

Воспоставени специјализирани сервиси за жени жртви на родово базирано насилство и семејно насилство во 8 Плански Региони на територијата на РСМ. Мрежата на специјализирани сервиси е објавена на веб страната на министерството (https://www.mtsp.gov.mk/uslugi-i-prava.nspx). Склучени 6 управни договори со даветели на специјализирани услуги за жени жртви на насилство/семејно насилство.

Изработена е Финална Нацрт верзија од Националната стратегија за превенција и заштита од родово-базирано насилство врз жените и семејно насилство 2026–2033, со Акциски план 2026–2029.

За спроведување континуирани основни и напредни обуки на полициски службеници од МВР на централно и регионално ниво за примена на индикатори и проактивни методи за

рано откривање и идентификација на потенцијална жртва на РБН, вклучително и жртви на трговија со луѓе, со посебен акцент на пристапот кон жените и девојчињата жртви: спроведени пет обуки за препознавање и работа со жени жртви на насилство и семејно насилство преку мулти секторски пристап 131 лица обучени од центри за социјална работа. -
Спроведени се пет еднодневни обуки на тема: „Обука за мултисекторските тимови за постапување во случаи на родово-базирано насилство врз жени и семејно насилство'', во осум Плански Региони, со вкупен број на обучени 85 лица.

Спроведена е прва обука за обучувачи за 24 претставници од Центрите за социјална работа. За активноста воспоставување на минимум три специјализирани сервиси на територија на РСМ на годишно ниво.

| Вредност на показателот | Почетна вредност | Преодна вредност | Крајна вредност |
|---|---|---|---|
| | Година 2025 | Година 2026 | Година 2027 |
| Број на програми што вклучуваат родово специфични мерки и буџетски алокации и број на менторски сесии | **16** | 20 | 30 |
| Изготвена анализа со пресметан процент на родов јаз во платите (неприспособен)[3] | 0 | 1 | 2 |
| Зголемен број на сервиси за грижа за деца по општини | 9 изградени нови установи | 13 во тек | 17 планирани до 2028 |
| Зголемување на капацитетите за згрижување на 871 дете | 871 дете | 1000 | 1200 |
| Усогласена законска регулатива со стандардите воспоставени со Истанбулската конвенција, преку вклучување на сите облици на РБН и сексуално вознемирување[4] | 0 | 1 | 2 |
| Број на сервиси што се достапни за жени жртви на родово базирано насилство | 8 | Ќе се утврди | Ќе се утврди |

**Завод за социјални дејности** во текот на 2025 година, во спроведувањето на своите активности ја инкорпорира родовата компонента особено во Програма за континуирана професионална едукација на стручните работници за 2025 година која е составена од три дела:

[3] Вредноста 0 покажува дека не е отпочната анализата, вредноста 1 покажува дека е во тек и вредноста 2 покажува дека е реализирана.
[4] Вредноста 0 покажува дека нема изработена стратегија, вредноста 1 покажува дека е во тек и вредноста 2 покажува дека е изработена.

1. Програма за почетна едукација на стручните работници за 2025 година (составена од 5 задолжителни едукации). Одржани се вкупно 20 едукации во рамки на четири групи почетна едукација на стручни работници за стекнување со лиценца. Почетна едукација завршиле вкупно 107 стручни лица (89 од женски пол и 18 од машки пол).

2. Програма за почетна едукација за стекнување со посебна лиценца за водител на случај за 2025 година (составена од 3 задолжителни едукации). Одржани се две едукации (секоја едукација содржи пакет од 3 обуки согласно Програмата). На обуките учествуваа вкупно 14 учесници, од кои 9 учеснички од женски пол и 5 учесници од машки пол.

3. Програма за континуирана професионална едукација за 2025 година е составена од 9 области со вкупно 28 едукации кои се спроведуваат преку електронска платформа за учење на далечина на ЈУ Завод за социјални дејности Скопје Во 2025 година 5 едукации од страна на Заводот се реализирани со физичко присуство. Вкупно бројот на стручни работници кои ги поминале едукациите (на платформата и со физичко присуство) за континуирана професионална едукација изнесува 612, а издадени се вкупно 1205 сертификати, и тоа на 511 учеснички од женски пол и на 101 учесник од машки пол. Од нив 446 учесници се вработени во центрите за социјална работа, 71 во установи за вон семејна социјална заштита и 95 кај други даватели на социјални услуги.

| Показател на резултат:<br>• Број на обучени лица од ЦСР по пол | Почетна вредност 2025<br><br>**107** | Преодна вредност 2026<br><br>180 | Крајна вредност 2027<br><br>200 |
|---|---|---|---|

**Во Министерство за јавна администрација (МЈА)** започната е постапка за надградба на модулот за еднакви можности во ЕЛМС.

Системот за управување со учењето во 2025 година не беше функционален поради тоа што во текот на 2025 година се работеше на нов ЛМС систем со поддршка на УНДП Македонија. Новиот систем е веќе во функција, односно од март 2026 година ќе биде ставен в функција за сите институции, како на централно ниво така и за тие од локално ниво. Нема дополнителни фискални импликации освен одобрените средства за одржување на ЛМС системот за 2025 година од вкупно 708,000,00 денари.

Државен завод за статистика во март 2025 година објави податоци за јаз во заработувачката меѓу мажите и жените за 2022 година по сектори, според полно и скратено работно време и по возрасни групи. Податоците се пресметани врз основа на Анкетата за структура на заработувачката која е со периодика на спроведување на 4 години.

Во тек се редовни активности кои произлегуваат за Анкетата за структура на заработувачката според која се пресметува јазот во заработувачката.

Проучување и анализа на методологијата и инструментите од националното истражување за состојбата со родово базирано насилство и добиените податоци од истражувањето кое беше спроведено во 2022 година.. Се уште не е направена проценка на потребните финансиски средства. Се разгледува можноста покрај буџетски средства да се обезбедат и средства од донатори.

| **Вредност на показателот** | **Почетна вредност** | **Преодна вредност** | **Крајна вредност** |
|---|---|---|---|
| | Година 2025 | Година 2026 | Година 2027 |
| Надграден и ревидиран модулот за еднакви можности[5] | 0 | 1 | 2 |
| Систематизирани и пополнети работни места на координатор/ка за еднакви можности со утврдени одговорности и надлежности | 61% | 73% | 84% |

**Министерство за животна средина и просторно планирање (МЖСПП)** во соработка со УНДП ги спреведе следниве активности: Анализа на родовата перспектива во постоечките политики за климатски промени; Анализа со препораки за вклучување на родовата перспектива во Првиот двогодишен извештај за транспарентност за климатски промени (BTR1); Материјали за обука на локално и централно ниво за вклучување на родовата компонента во програмите поврзани со климатските акции; Анализа од родова перспектива на вториот нацрт Национален план за енергија и клима на Република Северна Македонија (Методолошки пристап и клучни наоди); Во тек е изработка на Функсионална анализа, и согласно тоа ќе биде донесен нов Правилник за систематизација на работните места и нов Правилник за внатрешна организација. Во тек е подготовка и ажурирање на родово-одговорни Акциски планови за подобрување на квалитетот на воздухот во повеќе општиним и тоа, Струга, Струмица, Куманово, Кавадарци и Гостивар. Истовремено, предвидено е изработка на Методологија за вклучување на родовата перспектива во климатските акции за локално ниво, која ќе биде финализирана во 2026 година во рамки на проектот за подготовка на Националниот план за адаптација.

| Вредност на показателот | Почетна вредност | Преодна вредност | Крајна вредност |
|---|---|---|---|
| | 2025 Година | 2026 Година | 2027 Година |
| Донесен закон за климатска акција | 0 | 1 | 2 |
| Подготвени подзаконски акти | 0 | 1 | 2 |
| Најмалку 40% учество на помалку застапениот пол во работните тела кои ќе работат на подзаконските акти и процедури | Во 2026 ќе се утврди | Зголемување за 20% | Зголемување за 40% |
| Развиени Национален план за адаптација и Национални утврдени придонеси што ги вклучуваат родовите и социјалните нееднаквости[6] | 0 | 1 | 2 |
| Изменет Правилник за внатрешна систематизација за | 0 | 1 | 2 |

[5] Вредноста 0 покажува дека модулот не е надграден, вредноста 1 покажува дека е во тек и вредноста 2 покажува дека е реализирано.
[6] Вредноста 0 покажува дека не е изработена/донесено/развиено, вредноста 1 покажува дека е во тек и вредноста 2 покажува дека активноста е реализирана.

| | | | |
|---|---|---|---|
| формирање на дополнителна единица за издавање на дозволи за стакленички гасови како целосно нова организациска структура во рамките на Управата за животна средина | | | |

Во текот на 2025 година**, Министерство за образование и наука (МОН)** презеде низа активности насочени кон унапредување на професионалната ориентација и кариерно советување на учениците од основното и средното образование, согласно Програмата за професионална ориентација на учениците од осмо и деветто одделение и стратешките определби за родова еднаквост. Креиран е каталог за стручни соработници - психолози и педагози во основните училишта - кои вршат професионална ориентација на учениците од осмо и деветто одделение, при што директорите на училиштата со официјален допис номинираа лица задолжени за спроведување на оваа активност.

Во рамки на јакнење на капацитетите на стручните служби, во периодот април-јуни 2025 година беа обучени 312 лица од 241 основно училиште со обука на тема "Воведна обука за развој на кариера на учениците од основните училишта".

Во средното образование, воспоставен е систем за кариерно советување преку формирање тимови за кариерно советување и определување кариерен советник во секое средно училиште.

Дополнително, формиран и јавно објавен е Регистар на кариерни советници во средните училишта на веб-страницата на Министерството за образование и наука.

Во текот на октомври и ноември 2025 година, БРО реализираше приоритетни обуки за професионален развој на стручните соработници и кариерните советници во средните училишта, при што беа спроведени 20 обуки со времетраење од 8 часа и обучени вкупно 486 лица, а за реализација на овие активности во 2025 година беа исплатени вкупно 1.200.000 денари од буџетски средства. Паралелно, во ноември 2025 година беа реализирани и четири онлајн воведни обуки за кариерно советување во средните училишта, со вкупно 186 обучени лица од 109 средни јавни училишта, во соработка со Асоцијацијата на кариерни советници на Република Северна Македонија.

Во тек е изработка на дигиталната платформа „Водич низ квалификациите во стручното образование", во соработка со Центарот за развој на стручното образование и HELVETAS, која ќе служи како алатка за информирање и советување на учениците, родителите и стручните служби, а нејзината имплементација е планирана со објавувањето на Конкурсот за упис во средните училишта за учебната 2026/2027 година.

Со цел систематско следење на понатамошниот образовен и професионален развој на учениците, МОН воспостави база на податоци за следење на учениците во рок од шест месеци по завршување на средното образование, која ќе претставува основа за развој на централна база на податоци во МОН и ќе овозможи креирање на политики засновани на релевантни и родово сензитивни податоци.

Доделување на стипендии на ученици од земјоделско ветеринарна струка – Во рамки на учебната 2025/2026 година, МОН објави Конкурс за доделување на 300 стипендии за ученици од средно образование, кои реализираат наставни програми од угостителство и туризам, шумарство и обработка на дрво, градежништво и геодезија, земјоделство-рибарство и ветеринарство, машинство и текстил.

Од вкупно 300 стипендии, 50 стипендии се наменети за ученици, од средно образование кои реализираат наставни програми од наставни програми од земјоделство, рибарство и ветеринарство од јавните и приватните средни училишта во РСМ за учебната 2025/2026 година.

Во рамки на оваа мерка, за учебната 2025/2026 година од предвидените 50 стипендии за ученици од земјоделско-ветеринарната струка, доделени се вкупно 25 стипендии, а од нив 18 стипендии се доделени на ученички (женски) од средно образование кои реализираат наставни програми од земјоделство-рибарство и ветеринарство. Висината на стипендијата изнесува 3,500,00 денари месечно и се исплатува во траење од девет (9) месеци за времетраењето на учебната 2025/2026 година. Вкупниот обезбеден буџет за овие 25 стипендии од земјоделско-ветеринарна струга изнесува 787,500,00 денари, од кои 567,000,00 денари се наменети за ученичките (женски).

Воедно во рамки на учебната 2025/2026 година, МОН Конкурс за доделување 1500 стипендии за ученици кои се запишани во паралелки во стручно образование во кои ќе се реализира практично образование со зголемен број на часови согласно програмите за стручно образование (ДУАЛНИ ПАРАЛЕЛКИ). Во рамки на оваа мерка, за учебната 2025/2026 година од предвидените 120 стипендии за ученици во дуални паралелки од земјоделско-ветеринарната струка, доделени се вкупно 119 стипендии, а од нив 47 стипендии се доделени на ученички (женски) од средно образование кои реализираат дуални наставни програми од земјоделско-ветеринарна струка. Висината на стипендијата изнесува 3,500,00 денари месечно и се исплатува во траење од девет (9) месеци за времетраењето на учебната 2025/2026 година. За реализација на оваа мерка МОН обезбеди 3,780,000,00 денари, од кои 1,480,500,00 денари се наменети за ученичките (женски) од земјоделско-ветеринарна струка.

Доделување на стипендии за студенти запишани на ветеринарна и земјоделска струка - Во рамки на активностите за унапредување на еднаквиот пристап до високото образование и промоција на родовата еднаквост, МОН за студиската 2025/2026 година објави Конкурс за доделување стипендии на редовни студенти запишани на додипломски студии од прв циклус на јавните универзитети и високообразовни установи во РСМ, распределени во четири групи. Третата група стипендии беше наменета за поддршка на студенти од земјоделско-ветеринарната струка и опфати вкупно 30 стипендии. Висината на стипендијата изнесува 18,000,00 денари месечно и се исплатува во период од девет месеци за времетраењето на студиската 2025/2026 година. За спроведување на оваа мерка МОН обезбеди вкупен износ од 4,860,000,00 денари, од кои 2,592,000,00 денари се наменети за поддршка на 16 студентки од земјоделско-ветеринарната струка, со што се применува афирмативен пристап за намалување на постојниот родов јаз во овие образовни профили.

Како резултат на спроведувањето на мерката, забележано е значително зголемување на учеството на девојчиња и жени во традиционално машки доминирани струки, подобрување на родовата рамнотежа во пристапот до финансиска поддршка во високото образование, како и придонес кон создавање родово избалансиран човечки капитал во стратешки значајни сектори за економскиот и општествениот развој на државата.

Во рамки на конкурсите за доделување ученички стипендии, МОН применува афирмативни мерки за унапредување на родовата еднаквост, при што е вграден дополнителен критериум во случаите кога е утврден родов јаз. Имено, доколку учеството на женски кандидатки меѓу вкупно пријавените е помало од 40%, на женските кандидатки кои ги исполнуваат пропишаните услови, во финалното бодување им се доделува дополнителен бод, со цел поттикнување на нивното учество во образовни профили и студиски програми со недоволна родова застапеност.

Со цел зголемена вклученост и спречување на предвремено напуштање на образовниот систем од страна на девојчињата од маргинализираните заедници, Министерството за образование и наука за учебната 2025/2026 година објави два јавни повици за ангажирање на 50 ромски образовни медијатори во основното образование, за што Министерството обезбеди 9,000,000,00 денари во буџетот на потпрограма 11 Поддршка за имплементација на Националната стратегија за Роми 2022-2030. Воедно, во рамки на учебната 2025/2026 година, а согласно Законот за средното образование, беше објавен јавен повик за ангажирање на 35 ромски образовни медијатори во средното образование, за што Министерството обезбеди

6,300,000,00 денари во буџетот на потпрограма 11 Поддршка за имплементација на Националната стратегија за Роми 2022-2030.

За таа цел, по јавниот повик за ангажирање на ромски образовни медијатори во основното образование беа ангажирани 43 лица, а по јавниот повик за ангажирање на ромски образовни медијатори во средното образование беше ангажирано 21 лице.

Со цел целосно исполнување целосна поддршка на учениците Роми во основното и средното образование и исполнување на квотите согласно двата јавни повика, беа објавени повторни јавни повици. Имајќи предвид дека мерката за ангажирање ромски образовни медијатори во средното образование за прв пат се имплементира со започнувањето на учебната 2025/2026 година, релевантни податоци за бројот на ученици Роми кои го напуштиле средното образование ќе бидат достапни пред почетокот на учебната 2026/2027 година. Во однос на напуштањето на образовниот процес во основното образование во текот на учебната 2024/2025 година, евидентирани се вкупно 290 ученици Роми, што претставува околу 3% од вкупниот број ученици во основното образование. Од нив, 174 се машки, а 115 се женски ученици. Како најчеста причина за напуштање на образовниот систем се идентификува заминувањето на семејствата во странство, односно миграцијата.

Мерката „Комплетирање на основното образование на возрасни жени Ромки" има за цел унапредување на пристапот до формално основно образование за возрасни жени припаднички на ромската етничка заедница, со што се придонесува кон нивно социјално вклучување, економско јакнење и зголемување на нивната вработливост. Преку реализацијата на обуки за возрасни лица, беа опфатени вкупно 3.457 учесници, од кои 1.905 се жени, а 109 се припадници на ромската етничка заедница. Овие активности претставуваат значаен чекор кон јакнење на капацитетите на возрасните лица преку образовни програми и создавање услови за нивна поуспешна интеграција на пазарот на трудот, со посебен акцент на родовата и етничката инклузија.

Со цел промоција на принципот за родова еднаквост во научно-истражувачката дејност, Министерството за образование и наука за студиската 2025/2025 година го објави Конкурс за доделување на 150 стипендии на редовни студенти Роми запишани на студии од прв циклус на јавните и приватните универзитети и високообразовни установи во Република Северна Македонија за студиската 2025/2026.
Согласно резултатите од Конкурсот, од предвидените 150 стипендии, беа доделени вкупно 115 стипендии, а од кои 78 стипендии (или 67,8%) се доделени на студентки Ромки од јавните и приватните универзитети и високообразовни установи. За реализација на оваа јавна политика, Министерството за образование и наука обезбеди вкупно 8.000.000 денари. Како резултат на спроведените мерки, забележано е значајно зголемување на учеството на студентките Ромки во високото образование, како и намалување на родовите и етничките нееднаквости во пристапот до образовни можности, што придонесува кон поинклузивен и поправичен образовен систем.

За спроведување на активностите насочени кон унапредување на родово сензитивната и инклузивна инфраструктура во основните училишта, во текот на 2025 година МОН спроведе активности со посебен фокус на обезбедување достапни и соодветно уредени санитарни јазли за деца со попреченост. Овие интервенции претставуваат составен дел од поширoките политики за обезбедување еднаков пристап до квалитетно образование и создавање безбедна, здравствено соодветна и инклузивна училишна средина. Во рамки на 2025 година, преку Проектот за подобрување на енергетската ефикасност и инфраструктурата во образованието (ПЕИП), финансиран од Светската банка, беше реализирана третата фаза од соодветната компонента, која опфаќа реновирање од мал обем во основните училишта. Активностите беа фокусирани на унапредување на условите поврзани со хигиената, здравјето и инклузивноста, при што беа опфатени вкупно 11 основни училишта на територијата на Република Северна Македонија. Вкупната вредност на реализираните инвестиции изнесува 18.306.773,31 денари со вклучен ДДВ. Интервенциите се реализираа во основните училишта во Битола (ООУ „Коле

Канински”), Боговиње (ООУ „Сами Фрашери" - с. Пирок), Валандово (ООУ „Јосип Броз Тито"), Виница (ООУ „Гоце Делчев“и ООУ „Славчо Стојменски"), Гевгелија (ООУ „Владо Кантарџиев" и ООУ „Крсте Мисирков"), Илинден (ООУ „Гоце Делчев”), Кичево (ООУ „Санде Штрејоски"), Неготино (ООУ „Страшо Пинџур”) и Пробиштип (ООУ „Браќа Миладиновци“).

Проектот особено ја нагласува инклузијата на учениците со попреченост преку имплементација на пристапни рампи, адаптација и изградба на пристапни санитарни јазли, како и преку подобрување на севкупната физичка пристапност на училишните објекти. Активностите беа реализирани во мултиетнички средини, со почитување на принципите на еднаков пристап, недискриминација и културна разновидност. Се очекува директна корист од интервенциите да имаат учениците, преку подобрени услови за учење и престој, како и индиректна корист за наставниот кадар, родителите и другите засегнати страни во образовниот процес.

Во 2025 година МОН спроведе и дополнителни инфраструктурни интервенции финансирани од националниот буџет, насочени кон подобрување на пристапноста за лица со попреченост. Во СОУ „Кочо Рацин” во Општина Свети Николе беше изградена пристапна рампа за лица со попреченост и извршена санација и адаптација на санитарните јазли. Во ООУ „Фан Ноли” во с. Требош, Општина Желино, се реализираат активности за изградба на пристапна рампа и санитарни јазли за лица со попреченост. Дополнително, беше извршена адаптација на постоечки простор во ДСРУО „Св. Наум Охридски“ во Скопје, за потребите на ОУ „Иднина" - Чаир, при што беа изградени тоалети прилагодени за лица со попреченост.

Врз основа на реализираните активности во текот на 2025 година, може да се констатира дека МОН оствари значителен напредок во имплементацијата на мерките предвидени со Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027 во областа на образованието. Преку системско воведување и унапредување на кариерното советување, таргетирани стипендиски политики во области со идентификуван родов јаз, како и преку зајакната поддршка за учениците и студентите од ранливите заедници, особено Ромките, беа поставени цврсти основи за намалување на родовите и етничките нееднаквости во пристапот до образование.

| Вредност на показателот | Почетна вредност | Преодна вредност | Крајна вредност |
|---|---|---|---|
| | 2025 Година | 2026 Година | 2027 Година |
| Број на доделени стипендии на ученици и студенти од ветеринарна и земјоделска струка | 50 стипендии | 75 стипендии | 100 стипендии |
| Број на ангажирани ромски медијатори | 50 | Нема податок | 60 |
| Лица што напуштиле образование, по пол, по етничка припадност | 1,3% | 1,2% | 1.1% |
| Број на возрасни жени Ромки што завршиле основно образование | 310 | 370 | 430 |

**Биро за развој на образованието (БРО)** за мерката Обуки за наставници и стручни работници за спроведување на изборен предмет за ССО во 9 одделение обучени се вкупно 42 наставници; Општина Центар вкупно 8, машки 1, женски 7; Општина Кавадарци, вкупно 9, машки 0, женски 9; Општина Теарце, вкупно 2, машки 1, женски 1; Општина Боговиње вкупно 6, машки 0, женски 6; Општина Брвеница, вкупно 3, машки 0, женски 3; Општина Јегуновце, вкупно 4, машки 2, женски 2; Општина Тетово, вкупно 10, машки 0, женски 10.

Кампањи за зголемување на свеста за придобивките од ССО, реализирана активност Со обуките за наставници и стручни соработници за спроведување на изборниот предмет „Сеопфатно сексуално образование“ во IX одделение и кампањите за зголемување на свеста за придобивките од Сеопфатното сексуално образование.

За активноста која се однесува на Континуирана ревизија на наставните програми, БРО во текот на 2025 година има изработено: 48 нови наставни програми за основно образование, 47 нови наставни програми за гимназиско образование, 26 испитни програми за Државна матура, 5 испитни програми за училишна матура и 2 испитни програми за завршен испит. Вкупно: 95 нови наставни програми за основно и гимназиско образование и 31 испитни програми.

Анализирани се вкупно 288 ракописи на учебници и работни тетратки од различни одделенија за основно образование, како и за прва година гимназиско образование.
Со континуираната ревизија и одобрување на наставните и испитните програми од страна на МОН, се постигнати следните резултати: Ажурирани и усогласени наставни програми за основно и гимназиско образование, во согласност со националните образовни политики и стратешките документи; Унапреден квалитет на наставно-образовниот процес, преку јасно дефинирани исходи од учење и очекувани компетенции; Зајакнат систем за проверка и вреднување на знаењата, преку изработка и одобрување на испитни програми за државна и училишна матура и завршен испит; Подобрен квалитет и усогласеност на материјалите за учење, како резултат на анализата на ракописи на учебници и работни тетратки; Создадени институционални предуслови за ефикасна имплементација на новите наставни и испитни програми во училиштата. Активноста се спроведува во континуитет предвидени се 2,000,000,00 денари.

Правичната родова застапеност и обезбедувањето еднакви можности на жените и мажите претставуваат трајна и јасно артикулирана стратешка определба на **Министерството за одбрана и на Армијата.** Во таа насока, сите позиции се подеднакво достапни за двата пола, а институциите континуирано работат на унапредување на застапеноста на жените на раководни и командни позиции.

Како конкретен показател за постигнатиот напредок се издвојува фактот дека во 2025 година жените се застапени со 50% на високи раководни позиции во Министерството за одбрана. Истовремено, евидентиран е и највисок досега процент на застапеност на жени во Армијата, особено во категоријата офицерски чинови, каде процентот се зголеми од 21,67% во 2024 година на 22,79% во 2025 година (состојба 31.12.2025 година).
Со цел натамошно јакнење на институционалната култура заснована на еднакви можности, а во соработка со Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор (DCAF), на 20 мај 2025 година беше промовиран Акцискиот план за унапредување на родовата еднаквост во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија (2024–2028). Документот е изработен врз основа на родова самопроценка во одбраната, претставува значаен стратешки исчекор во системското унапредување на родовите политики.

Министерството за одбрана, од 2020 година, ја презеде координативната улога во изработката и имплементацијата на Вториот Национален акциски план (НАП) за имплементација на Резолуцијата 1325 „Жени, мир и безбедност“, како и во процесите на мониторинг, евалуација и известување за неговата примена. Изработката на Вториот НАП претставува значаен резултат на националната заложба за интеграција на родовата перспектива и усогласување со меѓународните обврски и стандарди.

Како земја членка на НАТО, Вториот НАП 2020–2025 е целосно усогласен со НАТО политиката и Резолуцијата 1325 „Жени, мир и безбедност“, почитувајќи ги принципите на интеграција, инклузивност и интегритет.
Во таа насока, Министерството за одбрана, во соработка со UN WOMEN, на 31 октомври 2025 година организираше настан по повод одбележување на 25-годишнината од усвојувањето на Резолуцијата 1325. Настанот беше одбележан со присуство на највисокиот државен врв и со

реализација на две тематски панел-дискусии, со што дополнително се потврди активната улога на жените во безбедносниот сектор и мировните мисии.
Дополнително, ќе следи подготовка на Прирачник за родови обуки, проширување на базата со 12 нови сертифицирани обучувачи во областа на заштита од вознемирување на работното место, како и изработка на анимациско видео за информирање на персоналот за процедурите за заштита од вознемирување.

Во рамки на Министерството за одбрана, преку Центарот за обука „Д-р Џозеф Крузел“ при Директоратот за управување со човечки ресурси, образование и обука, континуирано се реализираат специјализирани обуки од различни области, вклучително и родови обуки, согласно Календар на обуки на Министерството.
Со цел подигање на свеста за родовата еднаквост, во месец октомври 2025 година беше спроведена специјализирана обука на тема „Родова еднаквост “, на која учествуваа 19 лица (16 жени и 3 мажи). Обуката беше реализирана од сертифицирани НАТО обучувачи – вработени во Министерството, со што се обезбеди висок квалитет и усогласеност со меѓународните стандарди. За обуката се потрошени вкупно 2,826.00 денари од Буџетот на Министерството за одбрана.

Во насока на ефективна имплементација на Акцискиот план, во Министерството за одбрана е формирана Работна група која во континуитет ги спроведува планираните активности и придонесува кон мерливо унапредување на родовата еднаквост. Како дел од овој процес, во периодот од 21 – 22 февруари 2025 година во Велес беше реализирана работилница за ревизија на Родовиот акциски план, на која учество земале 12 лица (5 мажи и 7 жени), како и во периодот 24–25 јули 2025 година во Велес беше реализирана работилница за мониторинг, евалуација и известување за членовите на Работната група и на истата учествувале 12 лица (2 мажи и 10 жени). Двете работилници беа организирани од страна на DCAF.
Министерството за одбрана во континуитет ја зајакнува родовата сензитивност на персоналот преку учество на национални, регионални и меѓународни активности, со што се обезбедува одржлив напредок и институционална зрелост во оваа област.
Родовата перспектива е системски интегрирана во сите нивоа на образование и обука: од обуката на кандидати за војници и професионални војници, преку обуката за подофицери, до обуки согласно родот и службите во Армијата. Дополнително, теми од областа на родовата еднаквост се составен дел и од предупатните обуки за персоналот кој се упатува во мировни мисии.

Во однос на проценката на потребните средства за реализација на наведената мерка, финансиските средства се потпрограма 30 Меѓународни мисии и операции, и ребалансираните средства за 2025 година изнесуваат 720.710.000 денари (број на лица упатени во меѓународни мисии и операции во 2025: 185 лица).
Овие средства се распределени по следново:
- за денарска плата:151.000.000 денари
- за логистички трошоци (храна, сместување, и др трошоци) : 159.414.000 денари
- за девизен надоместок за лицата упатени во мисии : 410.296.000 денари.

Вкупната реализацијата на средствата, заклучно со 31.12.2025 година изнесува 662.389.000 денари или 91,91% во однос на ребалансираниот износ.

Во 2025 година е забележано учество на жените во меѓународните мировни и хуманитарни мисии, при што жените учествуваат со 3,62 % од вкупниот ангажиран персонал во мисии. Истовремено, во рамки на дипломатската мрежа на Република Северна Македонија, 4 жени од Министерството за одбрана се упатени на меѓународна должност во дипломатските претставништва.

**Министерство за правда** (МП) со поддршка на проектот за бесплатна правна помош (БПП) на Советот на Европа и ЕУ во соработка со МП беа испечатени и дистрибуирани информативни материјали за бесплатна правна помош на локално и централно ниво и тоа: 3000 флаери на

македонски јазик, 500 флаери на албански јазик, 500 флаери на ромски јазик и 200 флаери на турски јазик. Дополнително, беа дистрибуирани околу 300 брошури на различни теми поврзани со најчесто поставувани прашања за кои е потребна правна помош. Најголемиот број од материјалите беа дистрибуирани за време на седумте промоции кои се оддржаа во седум различни општини со поддршка на проектот.

Реализирани активности со подрршка на проектот за БПП на Совет на Европа во соработка со МП**:**

- 7 промоции во Шуто Оризари, Гази Баба, Кичево, Битола, Куманово, Тетово и Гостивар: 1500 граѓани информирани, околу 200 000 граѓани известени преку локалните и националните медиуми кои ги покриваа настаните и
- Настан на високо ниво по повод одбележување на Европскиот ден на правдата со посебен осврт на пристап до правда, како дел од иницијативата за подигнување на свеста за бесплатната правна помош во Северна Македонија.
- Каскадни обуки за адвокати за бесплатна правна помош: Одржани 2 каскадни обуки во 2025 или вкупно 5 во последните две години. Број на адвокати обучени за давање на БПП на жените од ранливи категории: 45.

Реализирани активности:

- Четврта каскадна обука за адвокати на тема: „Обезбедување БПП во Северна Македонија"што се одржа на 8-9 мај 2025 година во Програмската канцеларија на Совет на Европа во Скопје: 25 обучени адвокати и

- Петта каскадна обука за адвокати на тема: „Обезбедување на БПП во Северна Македонија"што се одржа на 12-13 јуни 2025 година во Програмската канцеларија на Совет на Европа во Скопје: 20 обучени адвокати.

Каскадни обуки за бесплатна правна помош наменети за студенти од правните клиники и претставници од овластените здруженија на граѓани:
Одржани две каскадни обуки. Број на обучени студенти од правни клиники и претставници од овластените здруженија на граѓани за давање на БПП на жените од ранливи категории**:** 29 студенти од правните клиники во Битола и Скопје И тоа:

- Втората каскадна обука за правните клиники на тема „Обезбедување БПП во Северна Македонија ", се одржа на 4 април 2025 година во соработка со Правната клиника при Правниот факултет во Битола: 16 обучени студенти.
- Третата каскадна обука за правните клиники на тема „Обезбедување БПП во Северна Македонија"се одржа на 10 декември 2025 година во соработка со Правната клиника за казнено право при Правниот факултет во Скопје: 13 обучени студенти.

Воедно, министерството има подготвен и Оперативен план за правда за 2025-2026 година за имплементација на Националниот Акциски план за родова еднаквост за 2025-2027година и истиот е објавен е веб страната на министерството.

**Министерство за култура и туризам** при подготовката на годишниот конкурс за финансирање на проекти од национален интерес во културата, по одделни области и активности, преку програмите 10 – Издавачка дејност, 72 – Мултидисциплинарни програми и 73 – Креативни индустрии се применуваат принципите на родово одговорно буџетирање, со што се овозможува еднаков пристап на жените и мажите и се обезбедува правична распределба на буџетските средства согласно родовата застапеност.

| Вредност на показателот | Почетна вредност | Преодна вредност | Крајна вредност |
|---|---|---|---|
| | Година 2025 | Година 2026 | Година 2027 |
| Процент на жени вклучени како авторки, уметнички и раководни личности во културните институции и проекти, како и степен на интегрирање на родова перспектива во културните политики и програми | Ќе се утврди во 2026 г | 45% жени | 50% жени |
| Посебна издвоена ставка за финансирање проекти чии носители се жени | 0 | 1 | 2 |
| Носители на проекти финансирани од Министерството за култура, по пол, по тематика | Ќе се утврди во 2026 г / нема податок | Зголемување за 40 % | Зголемување за 60% |
| Број на изработени и објавени истражувања и анализи за родот и родовите политики во културата | Ќе се утврди во 2026 г / нема податок | Зголемување за 40 % | Зголемување за 60% |
| Автори на издадени книги со финансиска поддршка од страна на МКТ, по пол | Ќе се утврди во 2026 г / нема податок | Зголемување за 30 % | Зголемување за 60% |
| Преведувачи на издадени книги со финансиска поддршка од страна на МКТ, по пол | Ќе се утврди во 2026 г / нема податок | Зголемување за 30 % | Зголемување за 60% |

**Министерството за спорт (МС)** во рамки на својата политика прави напори во делокругот на работењето преку одредени проекции-годишни пилот проекти да најде соодветни механизми кои ќе придонесат за зголемување на бројот на жените и девојчињата во сите сегменти.

Според извршена анализа на МС, во сезоната јануари-декември 2025 година постојат 15-тина клуба со основна дејност спортско-рекреативната активност, кои обезбедиле посебни термини за бремени жени чиј број во моментов изнесува 40-тина и клубови покрај основната пилатес програма применуваат вежби и за јога, дишење и истегнување. Станува збор за посебна програма за жени кои имаат здрава бременост, кои имаат навика за практицирање на овој метод и кои имаат уреден наод од матичен гинеколог. Месечната членарина е популарна и истата е унифицирана во сите спортски клубови.

Што се однесува на активностите кои ги спроведуваат спортските клубови кои се во националниот систем на натпреварувања во организација на националните спортски федерации, веќе се воспостави нов тренд на постојан упис на нови членови-млади девојчиња.

Во спортските клубови работат стручни лица-тренери-жени, кои преку свои наменски обработени програми ги одржуваат дневните тренинзи преку кои девојчињата се запознаваат со основните вештини, техничко-тактички елементи од одреден спорт. Оттука, се формираат голем број на групи по возраст и пол, од каде се врши и натамошна селекција.

Зголемена финансиска поддршка на централно и на локално ниво за женски спортски клубови и спортистки-Финансирање женски клубови и спортистки, Министерството за спорт, донесе Програма за субвенции од областа на спортот за 2025 година и истата е објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 27 од 7.2.2025 година.
Согласно оваа Програма, Точка 2.1, во описот на планирани активности и распределба на финансиски средства обезбедени од Субвенции од областа на спортот во ставката стои: За спортските клубови од екипните олимписки спортови (ракомет, фудбал, кошарка и одбојка) за 2 степени на натпреварувања (прв и втор степен) – 72,6% од вкупниот износ од точка 2-за спортските клубови, Министерството за спорт според утврдени Критериуми, додели 62.000.000,00 денари на

сите спортски клубови од Прва и Втора лига на натпреварување во спортовите ракомет, фудбал, кошарка и одбојка, чија бројка изнесува севкупно 63, прикажано во Табела 1.

| Реден број | спорт | Прва лига клубови (ж.) | Втора лига клубови (ж.) |
|---|---|---|---|
| 1. | Фудбал | 10 | 8 |
| 2. | Ракомет | 14 | нема |
| 3. | Одбојка | 8 | 10 |
| 4. | Кошарка | 7 | 6 |
| | Севкупно: | 39 | 24 |

Со мерката-Формирање на спортски клубови за лицата со оштетен вид, оштетен слух кои се натпреваруваат во националниот систем на натпреварување, од 2025 година промовираме формирање на спортски клубови за лица со посебни потреби, со цел за нивна инклузивност преку соодветни програми и мерки да се зголеми учеството на жените и девојчињата од оваа категорија на атлети, Министерството за спорт во рамки на Програмата за развој на спорт и млади за 2025 година, во описот на ставката – Партиципација за финансирање на програми на националните спортски федерации за лица со оштетен вид и слух и Специјална Олимпијада, изврши распределба на средства во висина од 4.000.000,00 денари.

Во изминатиот период формирани се шест (6) спортски клубови за лицата со телесен инвалидитет и тоа во: Битола, Гевгелија, Куманово, Прилеп, Струмица и општина Кисела Вода. Тенденцијата е во 2026 година да се формираат повеќе спортски клубови кои ќе ја имаат примарната цел, социјализација на лицата со телесен ивалидитет, зачленување на повеќе девојчиња, спортистите кои работата посред соодветни програми да вршат едукација, да одржуваат редовни тренинзи со што ќе го одржат националниот систем на натпреварување во неколку спортови, а воедно и да организираат спортско-рекреативни активности. Доделените средства се наменети за организација на лига натпреварите кои ги организира Федерацијата за спорт и рекреација на инвалидизираните лица на Македонија, за покривање на режиски трошоци на клубовите, обезбедување на спортска опрема.

Специфични програми за рана моторичка стимулација спроведува Специјална Олимпијада Македонија на своите атлети. Во рамки на законските обврски, СОМ формира 5 спортски клубови во Скопје, Тетово, Кавадарци, Штип и Битола, чие членство брои околу 300 атлети, со цел да го официјализира формирањето на посебна национална спортска федерација.
Програмите опфаќаат бројни редовни активности по 2-3 пати во текот на неделата тренинзи во олимписките спортови: пливање, кошарка, атлетика, бадминтон, спортско танцување и скијање, со што секој спорт одделно бара и соодветна спортска сала или базен каде се одржуваат тренинзите со тренери мажи и жени обучени за работа со овие атлети.

Според Акцискиот план, во планираната Мерка за обуки за родова еднаквост со цел поттикнување на еднакво учество на обуки за Родово одговорно буџетирање за мажи и жени во спортот, според Програмата за распределба на средствата од игри на среќа и забавните игри за 2025 година за финансирање на националните спортски федерации и активности и проекти за промоција и унапредување на спортот во Република Северна Македонија, во описот од точка 4- Партиципација за финансирање на проекти за поддршка на учеството на жената во спортот и родова еднаквост во спортот во висина од 3.000.000,00 денари се потрошени за остварени пласмани во индивидуална и екипна конкуренција на спортистки и спортски клубови во женска конкуренција во тековната 2025 година, кои се наоѓаат и на листата на номинирани спортисти на манифестацијата Избор на спортисти на годината за 2025 година.

| **Вредност на показателот** | Почетна вредност | Преодна вредност | Крајна вредност |
|---|---|---|---|
| | Година 2025 | Година 2026 | Година 2027 |
| | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Број на субвенционирани лица што се занимаваат со спорт, рекреативно и професионално, по пол, по возраст, по вид спорт | Ќе се утврди во 2026 г / нема податок | Зголемување за 30% | Зголемување за 50% |
| Удел (%) од буџетите на МС и на општините за финансирање женски клубови и спортистки | Ќе се утврди во 2026 г / нема податок | Зголемување за 30% | Зголемување за 50% |
| Број на женски клубови и спортистки што добиле финансиска поддршка-на централно ниво | Ќе се утврди во 2026 г / нема податок | Зголемување за 30% | Зголемување за 50% |
| Број на спортски клубови за лица со оштетен вид, оштетен слух кои се натпреваруваат во националниот систем на натпреварување | Ќе се утврди во 2026 г / нема податок | Зголемување за 30% | Зголемување за 50% |
| Формирање на спортски клубови за лицата со оштетен вид, оштетен слух кои се натпреваруваат во националниот систем на натпреварување, а од 2025 година промовираме формирање на спортски клубови за лица со посебни потреби, со цел за нивна инклузивност преку соодветни програми и мерки заради зголемено учество на жените и девојчињата од оваа категорија на атлети | Ќе се утврди во 2026 г / нема податок | Зголемување за 30% | Зголемување за 50% |
| Воспоставени обуки за родова еднаквост за вработени во спортски структури | Ќе се утврди во 2026 г | 2 | 4 |

Во 2025 година **Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ),** како и претходно, беше посветена на спроведувањето на активностите предвидени во рамки на Стратегијата , кои беа реализирани со внатрешни ресурси или преку редовни јавни набавки и со тоа обезбеди континуитет на својата пракса за подигнување на нивото на родовата еднаквост во медиумите.

На 3 јули 2025, членовите на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, именувани од страна на Собранието на 24 јуни 2025 година, одржаа конститутивна седница. Во составот на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за првпат има четири жени и тројца мажи, а исто така, за прв пат беше избрана заменичка претседателка на Советот на Агенцијата.

Финансиската поддршка беше обезбедена од сопствениот буџет, преку посебни и заеднички ставки. Од буџетот на АВМУ за 2025 година, за активности со родова перспектива, потрошени беа најмалку 531.449 денари. Проценетата сума ја означуваме со „најмалку" бидејќи освен од посебните ставки, некои од активностите беа финансирани од општи ставки од годишните јавни набавки, а некои беа вклучени во платите на вработените, односно Јавни состаноци: Презентациите на анализите на родовите прашања и начинот на претставување на жените и мажите во ударното време на националните телевизии се одржаа во просториите на АВМУ. Финансиските средства беа покриени од редовните ставки за организација на настани.

Веб ресурсен центар: Одржувањето на страницата www.rodotimediumite.mk [7]беше финансирано преку годишната јавна набавка за одржување на сите веб страници на Агенцијата.

[7] www.rodotimediumite.mk

Содржината на страницата ја обезбедуваат вработени во АВМУ, односно овие средства се обезбеден преку нивните плати.

Анализи и публикации: Подготовка, преводи и дистрибуција на печатено издание на анализата на родовите прашања и начинот на претставување на жените и мажите во ударното време на националните телевизии во 2024 година. Оваа активност беше покриена преку платите на вработените и преку годишните набавки за печатарски услуги и за превод.

16 Дена активизам против родово заснованото насилство: Од клучните наоди на анализата на родовите прашања за 2024 беше изработено кратко видео презентирано преку социјалните мрежи на Агенцијата во текот на кампањата, а воедно АВМУ упати дописи до сите радиодифузери со кои го поддржа бесплатното емитување на спотовите подготвени од Министерството за социјална политика, демографија и млади во соработка со канцеларијата на UNFPA и со финансиска поддршка од Британската амбасада, како кампања од јавен интерес за подигање на свеста за сите форми на родово засновано насилство.

Вработени во АВМУ учествуваа на обуки организирани од Министерството за социјална политика, демографија и млади, околу подготовката на родово буџетски изјави, но и за предизвиците при вклучување на родовата перспектива во програмите и буџетите.

Анализа на родовите прашања во медиумите:

во тек е изработката на анализата за третманот на родовите прашања и за начинот на прикажување и претставување на жените и мажите во платеното политичко рекламирање (ППР) и во вестите емитувани во текот на изборната кампања за Локалните избори 2025 (кои се одржаа во октомври). Со анализата е опфатено ППР емитувано на телевизиските програмски сервиси на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс (ТВ Алсат М. ТВ Алфа, ТВ Канал 5, ТВ Сител и ТВ Телма) и вестите на Јавниот радиодифузен сервис: МРТ1 и МРТ2 на албански јазик.

Во 2025 АВМУ ја заврши, ја објави и ја отпечати анализата „Родот во медиумите 2024: Родовите прашања и начинот на претставување на жените и мажите во ударното време на националните телевизии". Во анализата беа опфатени содржините емитувани на програмските сервиси МРТ1, МРТ2, Алсат-М, Алфа, Канал 5, Сител и Телма во периодот од 9 до 22 септември 2024 година.

Резултатите од анализата покажаа дека во ударните термини на телевизиите најмногу се емитуваат серии и серијали (45%), по што следуваат информативните емисии со 24% и играните филмови со 22%, а најмалку застапени беа документарните програми со 5%, како и хумористичните и музичките програми со по 2%. Онаму каде што доминираа серијалите од турска продукција, жените на екранот беа подолго прикажани од мажите (во 52% од времето на екранот и исто толку во времето поминато во говорот), а во сите останати содржини процентот на времето во кое мажите се прикажуваа на екранот беше многу поголем од оној на жени. Во повеќето анализирани содржини, објективизацијата и сексуализацијата на жените беше минимална или отсутна, што е позитивен знак за почит кон родовата еднаквост. Во некои емисии, особено во информативните програми, забележани беа обиди за користење родово сензитивен Јазик, што претставува позитивен чекор кон инклузивноста. Родово стереотипниот јазик се јавуваше поретко, додека најчесто се користеше неутрален јазик во речиси сите типови програмски содржини.

Резултатите од анализата и препораките беа претставени на Вториот јавен состанок на Агенцијата одржан на 24 јуни 2025 година, на кој беа поканети различни заинтересирани субјекти, институции, медиуми и граѓански организации.

Анализата ја направи агенцијата Маркет вижн, која беше ангажирана по спроведена постапка за јавна набавка. За активности поврзани со оваа анализа беа потрошени вкупно:

484.149,00 денари.[8] Согласно обврската од Законот за еднакви можности на жените и мажите, оваа анализа беше доставена до Собранието.

Во 2025 беа објавени податоците за структурата на вработените во ТВ и РА за 2024 година заедно со родово разделени податоци по пол (достапни на: Структура на вработените во аудио и аудиовизуелната медиумска индустрија во 2024 година). Оваа активност беше реализирана од вработените во Агенцијата во рамките на редовните активности и беше финансирана од буџетот на регулаторното тело преку нивните плати.

Агенцијата и во 2025 година континуирано објавуваше релевантни документи за родовите прашања и за начинот на претставување на жените и мажите во медиумите, ресурси и настани на веб страницата на Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на www.rodotimediumite.mk кој служи како ресурсен центар за медиумите и граѓаните/ките, каде што можат да најдат, информации, линкови за различни аспекти на родовите прашања, вклучувајќи го и родово базирано насилство. За оваа намена беа потрошени вкупно: 47.300,00 денари: Проценка на износот за хостинг на веб страниците околу 42.000, 00 денари.
Проценка на сумата за одржување на веб страните 5.300,00 денари

Во 2025 година до Агенцијата не беа поднесени претставки кои се однесуваат на родовите прашања во медиумите, или претставки за дискриминација или пак за говор на омраза врз основа на пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет или припадност на маргинализирана група. Ова може да се толкува како воспоставен повисок степен на професионална пракса на медиумите во третманот на родовите прашања.

| **Вредност на показателот** | Почетна вредност | Преодна вредност | Крајна вредност |
|---|---|---|---|
| | 2025 Година | 2026 Година | 2027 Година |
| Сопственици на ТВ и радиостаници, по пол, по сопственишство | 26% | 35% | 45% |
| Уредници и директори на медиуми, по пол | 36% | 40% | 45% |
| Вработени новинари, по пол | 39% | 45% | 50% |
| Број на опомени/реакции во медиуми | Ќе се утврди во 2026 г / нема податок | Зголемување за 40% | Зголемување за 60% |
| Воспоставени упатства за реагирање при појава на сексистички говор на омраза, по области | 0 | 1 | 2 |
| Број на изработени анализи за изразувањето и ставовите на уредниците, новинарите и гостите во ТВ и радио, и периодични препораки за зајакнување на содржините и/или опоменување и/или казнување на медиумот заради ширење на говор на омраза | 0 | 1 | 2 |

**Министерството за внатрешни работи** (МВР) во текот на 2024 година објави јавни огласи за прием на полицајци и за прием на извршители со средно и високо образование, а во текот на 2025 година вкупно се вработени 98 лица, од кои на работно место приправник со средно

[8] https://avmu.mk/wp-content/uploads/2025/06/Структура-на-вработените-во-аудио-и-аудиовизуелната-медиумска-индустрија-во-2024-година.pdf

образование мажи-23 и жени-24 и на работно место приправник со високо образование мажи-29 и жени-22. Додека пак за работно место „полицаец“, вработени се 391 маж и 147 жени.

Спроведени се континуирани основни и напредни обуки на полициски службеници од МВР на централно и регионално ниво за примена на индикатори и проактивни методи за рано откривање и идентификација на потенцијална жртва на РБН, вклучително и жртви на трговија со луѓе, со посебен акцент на пристапот кон жените идевојчињата жртви.Број на спроведени обуки за 2025 година вкупно 9, на кои се обучени вкупно 48 работници од кои 19 мажи и 29 жени.

- Спроведени на обуки за собирање и обработка на докази во случај на дигитално РБН за полициските службеници кои работат со компјутерски криминал. Број на обучени работници за 2025 година вкупно 8 од кои 3 мажи и 5 жени.
- Ажурирање на модули за обука и организирање мултидисциплинарни обуки на персоналот вклучен во Центар за жртви на трговија со луѓе и Прифатниот центар за странци за работа со жртви на трговија со луѓе и ранливи категории под висок ризик од трговија со луѓе. Број на обуки за 2025 година 20, на кои се обучени работници 35 од кои 24 мажи и 11 жени.
- Креирање и вклучување на модули за родова еднаквост и преземање мерки и активности во врска со семејно насилство во програмата за основна обука за полицаец. Во програмата за основна обука за полицаец опфатени се наставни теми за Родова еднаквост со 4 часа и преземање мерки и активности во врска со семејно насилство (обезбедување родово сензитивни услуги) со 12 часа.
-

| Вредност на показателот | Почетна вредност | Преодна вредност | Крајна вредност |
|---|---|---|---|
| | Година 2025 | Година 2026 | Година 2027 |
| Вработени на работно место „полицаец“, по пол | 147 жени и 391 мажи | Зголемување на бројката на жените за 30% | Зголемување на бројката на жените за 50% |
| Воспоставен систем за интегрирано собирање податоци за родово базирано насилство и семејно насилство | 0 | 1 | 2 |

Во текот на 2025 АСЈО „Павел Шатев“ организираше вкупно 23 обуки од обласата на родова еднаквост. Обуките ги посетиле 509 учесници, од кои 144 судии, 222 јавни обвинители 41 стручни соработници од судовите и обвинителствата, 4 кандидати за судии и обвинители (со завршена почетна обука) и 98 претставници на релевантните институции.

| **Вредност на показателот** | **Почетна вредност** | **Преодна вредност** | **Крајна вредност** |
|---|---|---|---|
| | Година 2025 | Година 2026 | Година 2027 |
| Број на спроведени обуки за јавни обвинители и судии | 23 обуки | / | / |

**Министерство за здравство (МЗ**) спроведе посети по тешко достапни места од мобилна гинеколошка амбуланта - спроведена е активноста, согласно Програмата за рана детекција на малигни заболувања. Во рамки на програмата, реализирани се вкупно 47 теренски активности, при што беа опфатени 559 девојки и жени од повеќе општини и населени места низ државата (општини- Мак Брод, Градско, Крушево, Демир Хисар, Старо Негоричани) Најголем дел од прегледаните жени припаѓаат на возрасните групи од 41 до 60 години (56%), што е особено

значајно со оглед на зголемениот ризик од преканцерозни и канцерозни промени на грлото на матката во овие возрасни категории.

Исто така, спроведе обуки за здравствени работници во перинатална грижа - спроведена активност - одржани се (2) две обуки за ментално здравје во перипартален период за здравствени работници - опфатени 80 здравствени работници (гинеколози).

Во однос на субвенционирање на матични гинеколози во места каде што нема гинеколог,во три општини во РСМ и тоа Шуто Оризари, Боговиње и Липково, со буџет од Програмата за активна здравствена заштита на мајки и деца за секоја општина субвенцијата изнасува по 180.000,00 денари годишно односно по 15.000,00 денари месечно со што е постигната покриеност на жени во репродуктивен период во три општини со матичен гинеколог.

Од страна на Институтот за јавно здравје подготвена е анализа на трендот на капацитетот и функциите на патронажната служба и грижата за здравјето на мајките и децата - со буџет 30.000,00 денари согласно Програмата за активна здравствена заштита на мајки и деца.

| Вредност на показателот | Почетна вредност | Преодна вредност | Крајна вредност |
|---|---|---|---|
| | Година 2025 | Година 2026 | Година 2027 |
| Број на (мобилни) гинеколошки амбуланти, и посети по региони и општини | 7 | 10 | 14 |
| Број на гинеколози со склучен договор со Фондот, по општини | 162 | 170 | 175 |
| Број на субвенционирани ПЗУ гинеколози, каде што нема гинеколог | 15 | 20 | 25 |
| Број на посети на патронажни сестри, на ниво на цела земја | 250000 | 270000 | 29000 |
| Број на спроведени обуки и број на обучени здравствени работници | 0 | 1 | 2 |

**Агенција за вработување на Република Северна Македонија (АВРСМ)**_со мерката Поддршка за самовработување (претприемништво) на невработени млади жени под 29 години кои сакаат да го формализираат својот бизнис во 2025 година, опфатени се 425 жени или 44.5 % од вкупниот опфат во мерката, од кои Ромки 4 лица, со реализирани средства од 645.101.500,00 денари од буџет на АВРСМ.

Со мерката Поддршка за самовработување (претприемништво)-Здружување на корисници во ДОО, опфатени се 542 лица невработени млади жени до 29 години ,3 Ромки, невработени жени до 58 години 146 лица и Ромки 3 лица, а реализирани финансиски средства од 519.047.000,00 денари од буџет на АВРСМ.

Опфатени жени со мерката Обука за претприемништво, бизнис планирање и развој на бизнис идеи изнесува 98 лица (47,1 % од вкупниот број) и реализирани средства од 3.821.076,00 од буџет на АВРСМ.

Опфатени жени со мерката Поддршка за креирање на нови работни места преку зелени инвестиции изнесува 86 лица (43 % од вкупниот број), реализирани средства од 56.952.310, 00 од буџет на АВРСМ.

**Заедница на Единиците на локална Самоуправа** (ЗЕЛС) е посветен на интегрирање на родовата еднаквост во локалните политики и буџет преку зајакнување на капацитетите на општините, информирање на општините за националните програми и политики, координација

со релевантните институции и организации, а работи и на имплементирање и усогласување на меѓународни документи и нивна локализација.

За собирање на овие податоци беа ангажирани две вработени лица во ЗЕЛС, а за преставување на податоците разделени по пол беше ангажирано едно вработено лице во ЗЕЛС.

Според дадените индикатори може да се заклучи дека има мало поместување во застапеноста на жени градоначалнички, за разлика од претходниот мандат на градоначалници. Останатите бројки на жени советнички и претстедателки на совет е во рамките на законските квоти или т.н. “стаклен плафон “и не се разликува многу во однос на претходните мандати.

## 3. ПРЕДИЗВИЦИ И РИЗИЦИ ВО ТЕКОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКЦИСКИОТ ПЛАН НА СТРАТЕГИЈАТА СО ПРЕПОРАКИ

Во текот на 2025 година може да се констатира дека процентот на реализација на активностите е на ниво од планираните 81 активности 57 се реализирани, што особено влијае на севкупното спроведување на Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027 и НАПРЕ 2025-2027.

И оваа година продолжува главниот предизвик во однос на собирањето на податоците поради непостоење на унифициран систем за собирање на податоци или развиена електронска алатка согласно индикаторите за следење на Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027.

Ризиците од дисконтинуитет на активностите, неконзистентност во прибирање на родово разделени статистички податоци, влијаат на успешното спроведување на Стратегијата за што е потребна поголема меѓу институционална координација.

Имајќи ги во предвид идентификуваните предизвици и ризици во нареден период треба да се спроведеат следниве препораки:

- Обезбедување на континуирана меѓу-институционална координација во спроведувањето на Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027
- Следење на буџетската потрошувачка преку родово одговорно буџетирање и одредување на буџет за спроведување на наредни активности.
- Спроведување јавни кампањи за подигнување на свеста, вклучување на медиумите и влијателни личности во промоција на родова еднаквост и намалување на стереотипите и предрасудите.
- Континуирано јакнење на капацитетите на јавната администрација за родова еднаквост преку Ресурсниот центар за родово одговорно креирање на политики и буџетирање
- Подобрување на системот за собирање родово разделени податоци.
- Развивање на електронска алатка согласно индикаторите за следење на Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027 како и на состојбата со напредокот на жените и мажите.

## 4. ПРЕГЛЕД НА СПРОВЕДЕНИТЕ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ

Табеларен преглед со оценка на степенот на спроведување на мерките и активностите е даден во Прилог 1 кон извештајот.

**Прилог 1:** Пополнет образец за прибирање на податоци и следење на спроведувањето на Акцискиот план 2025- 2027 година за спроведување на Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027 година

**Образец бр. 6**

**ПРИБИРАЊЕ НА ПОДАТОЦИ И СЛЕДЕЊЕ НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА АКЦИСКИОТ ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ СТРАТЕГИЈАТА**

<table>
<tr><td colspan="4">НАЦИОНАЛЕН АКЦИСКИ ПЛАН ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ<br>2025-2027</td></tr>
<tr><td colspan="4">ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНАТА РАЗВОЈНА СТРАТЕГИЈА 2024-2044 ЗА:<br>Национална развојна цел: Социјалната инклузија што подразбира подобрени социјални, здравствени и образовни услуги во насока на обезбедување корист за поединците, бизнисите и за општеството во целина.<br>Област од НРС - Владеење на правото и добро управување<br>Цели од област по НРС - Ефикасна заштита на основните човекови слободи и права и заштита на заедниците<br>Приоритети од целите од област по НРС - Држава во која владее еднаквост, недискриминација и праведност</td></tr>
<tr><td colspan="4">ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ: Унапредување на родовата еднаквост на централно и локално ниво</td></tr>
<tr><td>Општа цел 1: <u>Воспоставување на ефективен и ефикасен систем за унапредување на родовата еднаквост на централно и локално ниво</u></td><td>Показател на ефект:<br>Процент на институции на централно и локално ниво што имаат функционални механизми за родова еднаквост</td><td>Појдовна вредност на показателот (и година)</td><td>Преодна вредност</td></tr>
<tr><td>Посебна цел: Специфична цел 1.1: Унапредување на родовите механизми на централно и на локално ниво, во согласност со законската рамка за унапредување на родовата еднаквост</td><td>Показател на исход:<br>Број на усвоени и спроведени родово одговорни политики, програми или буџети на локално и централно ниво</td><td>Појдовна вредност на показателот (и година)</td><td>Преодна вредност:</td></tr>
<tr><td>Мерка: 1.1.1.Унапреден механизам за родова еднаквост на централно ниво</td><td>Показател на резултат:<br><br>- Систематизирани и пополнети работни места на координатор/ка за еднакви можности со утврдени одговорности и надлежности</td><td>Појдовна вредност на показателот (и година)</td><td>Преодна вредност:</td></tr>
</table>

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | -Надграден и ревидиран модулот за еднакви можности | | | | | |
| **Активност** | **Водечка институција и нституции учеснички** | **Почетен датум (квартал)** | **Датум на извршување (квартал)** | **Степен на спроведување**<br><br>**зелено**<br>**жолто**<br>**црвено** | **Статус на реализација на активноста** | **Ризици/проблеми кои можат да се јават до крајот на спроведувањето на активноста** | **Следни чекори** | **Нов рок за реализација на активноста** | **Буџет** |
| **- Утврдување на работни задачи, цели и одговорности на координаторите за родова еднаквост**<br><br>**- Утврдување на потребни квалификации за извршување на работните задачи**<br><br>**-Измена на каталогот за систематизација на работните места** | **МЈА** | **2025 К3** | **2027 К4** | **Не реализрано**<br><br>**Не реализрано**<br><br>**Не реализрано** | **Не е реализирано. Бидејќи нема соодветна законска регулатива.** | | | | **Бувети на ОДУ и ЕЛС**<br><br>**НЕма фискални импликации** |
| **ЕЛМС надградба на модулот за еднакви можности** | **МЈА** | **2025 К3** | **2027 К4** | **Не реализрано** | | | **Од март 2026 ќе биде ставен во функција за сите институции.** | | **Буџет на МЈА**<br><br>**Нема фискални импликации** |
| **Мерка:** **1.1.2.Воспоставен механизам за континуирано градење на капацитетите на јавната администрација во однос на родовата еднаквост на централно и на локално ниво, вклучувајќи ги и градоначалниците** | | | | **Показател на резултат:**<br>**Број на обучени лица од јавна администрација, по пол согласно Годишен план и Програма за работа на Ресурсен центар за креирање на родово одговорни политики и буџетирање** | | Појдовна вредност на показателот (и година) | | Преодна вредност: | |

| | Број на обучени лица од ЦСР, по пол<br>Број на обучени лица од јавна администрација по пол | | |
|---|---|---|---|

| Активност | Водечка институција и нституции учеснички | Почетен датум (квартал) | Датум на извршување (квартал) | Степен на спроведување<br><br>зелено<br>жолто<br>црвено | Статус на реализација на активноста | Ризици/проблеми кои можат да се јават до крајот на спроведувањето на активноста | Следни чекори | Нов рок за реализација на активноста | Буџет |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Изработка на годишен план и програма за работа на Ресурсен центар за креирање на родово одговорни политики и буџетирање** | МСПДМ / ОДУ, ЕЛС, ЗСД | 2025 К1 | 2027 К4 | Реализирано | Донесен е Годишен план и програма за работа на Ресурсен центар за креирање на родово одговорни политики и буџетирање за 2025 година https://mtspresursencentar.mk/resource-center | нема | | | Буџет на МСПДМ<br><br>Нема фискални импликации |
| **Изработка на годишен план и програма за континуиран професионален развој за центрите за социјална работа за 2025. 2026 и 2027** | ЗСД | 2025 К1 | 2027 К4 | еализирано | 1. Програма за почетна едукација на стручните работници за 2025 година (составена од 5 задолжителни едукации).<br>Одржани се вкупно 20 едукации во рамки на четири групи почетна едукација на стручни работници за стекнување со лиценца. Почетна едукација | | Програма за континуирана професионална едукација на стручните работници за 2026 година, составена е од четири дела:<br>1,Програма за почетна едукација на стручните работници за 2026 година (составена од 5 задолжителни едукации). | | Буџет на МСПДМ<br><br>Нема фискални импликации |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | завршиле вкупно 107 стручни лица (89 од женски пол и 18 од машки пол).<br>2. Програма за почетна едукација за стекнување со посебна лиценца за водител на случај за 2025 година (составена од 3 задолжителни едукации).<br>Одржани се две едукации (секоја едукација содржи пакет од 3 обуки согласно Програмата). На обуките учествуваа вкупно 14 учесници, од кои 9 учеснички од женски пол и 5 учесници од машки пол.<br>3. Програма за континуирана професионална едукација за 2025 година е составена од 9 области со вкупно 28 едукации кои се спроведуваат преку електронска платформа за учење на далечина | | 2,Програма за почетна едукација на стручните работници даватели на јавни услуги, кои вршат стручно - економска работа за постапување по парични права вработени во центар за социјална работа (составена од 5 задолжителни едукации).<br>3,Програма за почетна едукација за стекнување со посебна лиценца за водител на случај за 2025 година (составена од 3 задолжителни едукации).<br>4,Програма за континуирана професионална едукација за 2025 година е составена од 9 области со вкупно 31 едукации и се одвива преку електронска платформа за | | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | на ЈУ Завод за социјални дејности Скопје Во 2025 година 5 едукации од страна на Заводот се реализирани со физичко присуство.Вкупно бројот на стручни работници кои ги поминале едукациите (на платформата и со физичко присуство) за континуирана професионална едукација изнесува 612, а издадени се вкупно 1205 сертификати, и тоа на 511 учеснички од женски пол и на 101 учесник од машки пол. Од нив 446 учесници се вработени во центрите за социјална работа, 71 во установи за вон семејна социјална заштита и 95 кај други даватели на социјални услуги. | | учење на далечина на ЈУ Завод за социјални дејности Скопје. | | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Прибирање на родово разделени статистички податоци за лица кои ја поминале обуката на ЕЛМС за 2025, 2026 и 2027 на модулот за еднакви можности** | **МЈА** | 2025 К1 | 2027 К4 | **Не е реализирано** | | | **Од март 2026 ќе биде ставен во функција за сите институции.** | | **Буџет на МЈА**<br><br>**Нема фискални импликации** |
| **Посебна цел: Специфична цел 1.2: Воспоставување функционален систем за вклучување на родовата перспектива во креирањето на политиките, на програмите и на буџетските процеси на централно и на локално ниво** | | | | **Показател на исход:** Процент на политики, програми и буџети на централно и локално ниво што систематски вклучуваат родова анализа | | | Појдовна вредност на показателот (и година) | Преодна вредност: | |
| **Мерка: 1.2.2 Систематско и одржливо користење на родово одговорно буџетирање како алатка од страна на буџетските корисници на централно и на локално ниво** | | | | **Показател на резултат:**<br>**Број на програми што вклучуваат родово специфични мерки и буџетски алокации**<br><br>**Број на менторски сесии** | | | Појдовна вредност на показателот (и година) | Преодна вредност: | |
| **Активност** | **Водечка институција и нституции учеснички** | **Почетен датум (квартал)** | **Датум на извршување (квартал)** | **Степен на спроведување**<br><br>**зелено**<br>**жолто**<br>**црвено** | **Статус на реализација на активноста** | **Ризици/проблеми кои можат да се јават до крајот на спроведувањето на активноста** | **Следни чекори** | **Нов рок за реализација на активноста** | **Буџет** |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Менторски сесии за програми кои вклучуваат родова перспектива во институции на централно ниво** | **МСПДМ** | 2025 К1 | 2027 К4 | **реализирано** | **Изработени се 22 родово одговорни буџетски изјави за 2026 година;** | | | | **Буџет на МСПДМ** |

**Образец бр. 6**

**ПРИБИРАЊЕ НА ПОДАТОЦИ И СЛЕДЕЊЕ НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА АКЦИСКИОТ ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ СТРАТЕГИЈАТА**

| **Назив на стратегијата:** | | | |
|---|---|---|---|
| **Поврзаност на стратегијата со развојна насока (и), општа и посебна цел од Национална стратегија за развој на Република Северна Македонија** | | | |
| **ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ:** | | | |
| Општа цел 2: Подобрување на положбата на жените во сите сфери на јавниот и приватниот живот | **Показател на ефект:** **Процентуално зголемување на учеството на жените на пазар на труд и во одлучувачки позиции во јавниот и приватниот сектор** | Појдовна вредност на показателот (и година) | Преодна вредност |
| Посебна цел: Специфична цел 2.1: **Намалување на родовиот јаз во економското учество на жените и на пазарот на труд, со интерсекциски пристап** | **Показател на исход:** Намалување на разликата во стапката на вработеност помеѓу мажи и жени | Појдовна вредност на показателот (и година) | Преодна вредност: |
| **Мерка:** **2.1.1. Зголемена активација на жените и намалена родова нееднаквост на пазарот на труд, со посебен фокус на жените од маргинализираните заедници** | **Показател на резултат:**<br>**-Број на невработени жени евидентирани во АВРСМ**<br>**-Опфат на лица на искористеност на мерки за вработување, по пол, по степен на образование**<br>**- Број на жени опфатени со мерката со фокус на жени до 58 години, жени со попреченост, жртви на** | Појдовна вредност на показателот (и година) | Преодна вредност: |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **РБН и семејно насилство, Ромки, и жени повратнички**<br>**- Број на невработени жени под 29 години со фокус на жртви на РБН и СН**<br>**- Број на невработени млади жени до 29 години, невработени жени до 58 години, жени жртви на РБН и СН, невработени жени кои сакаат да го формализираат својот бизнис до 58 години, невработени Ромки до 58 години, невработени жени од рурални средини)**<br>**- Број на опфатени жени со мерката Обука за претприемништво, бизнис планирање и развој на бизнис идеи (50% од вкупниот број)**<br>**- Број на опфатени жени со мерката Поддршка за креирање на нови работни места преку зелени инвестиции (50% од вкупниот број)** | | |

| Активност | Водечка институција и нституции учеснички | Почетен датум (квартал) | Датум на извршување (квартал) | Степен на спроведување<br><br>зелено<br>жолто<br>црвено | Статус на реализација на активноста | Ризици/проблеми кои можат да се јават до крајот на спроведувањето на активноста | Следни чекори | Нов рок за реализација на активноста | Буџет |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Спроведување на теренски активности (јавни дебати, информативни средби) за запознавање на жените од рурални средини за можности за вработување и стимулирање на** | МЗШВ<br>АВРСМ | 2025 К2 | 2027 К4 | **Не реализирано** | | | | **Нема фискални импликации** | **Буџет на АВРСМ** |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **здружувањето на жените од руралните средини во задруги** | | | | | | | | | |
| **Поддршка за самовработување (претприемништво) на невработени жени над 29 години кои сакаат да го формализираат својот бизнис** | **МЕТ АВРСМ** | 2025 К2 | 2027 К4 | **реализирано** | **359 склучени договори на жени од вкупно планираниот опфат на лица 815, или 46,6%**<br><br>**Планирани средства** 386,064,241, а реализирани 326,355,077 | | | | **Буџет на АВРСМ и Буџет на АППРСМ**<br><br>**342,000,000,00** |
| **Поддршка за самовработување (претприемништво) на невработени млади жени под 29 години кои сакаат да го формализираат својот бизнис** | **МЕТ АВРСМ** | 2025 К2 | 2027 К4 | **АВРСМ Реализирано** | **Број на невработени жени под 29 години - 425 жени или 44.5 % од вкупниот опфат во мерката, Ромки 4 лица.**<br><br>**За 2025 645.101.500,00 денари** | | | | **Буџет на АВРСМ**<br><br>**620,000,000,00 денари** |
| **Поддршка за самовработување (претприемништво)- Здружување на корисници во ДОО** | **МЕТ АВРСМ** | 2025 К2 | 2027 К4 | **АВРСМ Реализирано** | **Број на невработени млади жени до 29 години -542 лица, Ромки 3, невработени жени до 58 години 146 лица, Ромки 3 лица.**<br><br>**2025 година 519.047.000,00** | | | | **Буџет на АВРСМ**<br><br>**487,000,000,00 денари** |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Обука за претприемништво, бизнис планирање и развој на бизнис идеи | МЕТ АВРСМ | 2025 К2 | 2027 К4 | АВРСМ Реализирано | Број на опфатени жени со мерката Обука за претприемништво, бизнис планирање и развој на бизнис идеи изнесува 98 лица (47,1 % од вкупниот број)<br><br>2025 година 3.821.076,00 | | | | Буџет на АВРСМ<br><br>390,000,000,00 |
| Поддршка за креирање на нови работни места преку зелени инвестиции | МЕТ АВРСМ | 2025 К2 | 2027 К4 | АВРСМ Реализирано | Број на опфатени жени со мерката Поддршка за креирање на нови работни места преку зелени инвестиции изнесува 86 лица (43 % од вкупниот број)<br><br>2025 година 56.952.310, 00 | | | | Буџет на АВРСМ<br><br>56,000,000,00 денари |
| **Мерка:** 2.1.2. Родовиот јаз во платите е намален преку соодветни мерки | | | | **Показател на резултат:**<br>- Изготвена анализа со пресметан процент на родов јаз во платите (неприспособен) | | Појдовна вредност на показателот (и година) | | Преодна вредност: | |
| **Активност** | **Водечка институција и нституции учесниčки** | **Почетен датум (квартал)** | **Датум на извршување (квартал)** | **Степен на спроведување**<br><br>зелено<br>жолто<br>црвено | **Статус на реализација на активноста** | **Ризици/проблеми кои можат да се јават до крајот на спроведувањето на активноста** | **Следни чекори** | **Нов рок за реализација на активноста** | **Буџет** |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Анализа: пресметка на родов јаз во плати Промоција на анализата и препораките** | **МСПДМ ДЗС** | 2025 К1 | 2026 К4 | **Во тек** | **Во март 2025 година објави податоци за јаз во заработувачката меѓу мажите и жените за 2022 година по сектори, според полно и скратено работно време и по возрасни групи. Податоците се пресметани врз основа на Анкетата за структура на заработувачката која е со периодика на спроведување на 4 години.**<br><br>**Во тек се редовни активности кои произлегуваат за Анкетата за структура на заработувачката според која се пресметува јазот во заработувачката** | | | | **Буџет на МСПДМ Донатори (UN Women, ILO)**<br><br>**350.000.00 денари** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка:** **2.1.3 Намалена секторска и хиерархиска сегрегација на работните места** | **Показател на резултат:**<br>**- Воведено кариерно советување и процент на ученици кои биле вклучени во советувањето од основно и средно образование по пол** | Појдовна вредност на показателот (и година) | Преодна вредност: |

| Активност | Водечка институција и нституции учеснички | Почетен датум (квартал) | Датум на извршување (квартал) | Степен на спроведување<br><br>зелено<br>жолто<br>црвено | Статус на реализација на активноста | Ризици/проблеми кои можат да се јават до крајот на спроведувањето на активноста | Следни чекори | Нов рок за реализација на активноста | Буџет |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | | | | |
